Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 14.12.2023

На 13.12.2023 во 12.00 часот, полициски службеници од ОВР Свети Николе ги лишиле од слобода Д.С.(38), Р.А.(35), Д.В.(31), Д.Т.(28), сите од Свети Николе и 23 – годишната А.П. од с.Горобинци, светинколско. Имено, при контрола на патничко возило во кое се превозувале Д.С. и Р.А., кај Д.С. била пронајдена и одземена прашката материја која ја купил од Д.В. Подоцна, со судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домот на Д.Т., каде ги затекнале Д.В. и А.П., при што била пронајдена и одземена прашката материја. Запознаен е јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.11.2023 околу 20.00 часот во Скопје, во близина на трговски центар на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога и оружје го лишиле од слобода А.С. (35) од скопско, поради основи на сомнение дека околу 19.19 часот во аптека на подрачје на Кисела Вода, со закана одзел пари. При прегледот кај него, биле пронајдени и одземени пари и пиштол, за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривичното дело. А.С. е задржан во полициската станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.12.2023 во 14.00 часот на ул.„Корчуланска" во Ресен, полициски службеници од ОВР Ресен при СВР Битола го лишиле од слобода А.А.(44) од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашката материја. Лицето е приведено во полициска станица и по целосно документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 13.12.2023 во 21.00 часот на улица „Црни Дрин" во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга го привеле Н.Н.(27) од Струга. Тој бил баран со централна потерница врз основа на наредба од Основен суд во Струга за издржување затворска казна. Лицето е спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Струга за издржување на казната.

На 13.12.2023 во 21.40 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Т.Ф. (26) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.12.2023 во 00.15 часот на ул.„Карпош" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода И.Д.(18) и малолетник, двајцата од Битола, затоа што кај И.Д. била пронајдена и одземена марихуана, а кај малолетникот бил пронајден и одземен пиштол. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 13.12.2023 во 16.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Н.А.(53) Куманово. Тој, на улицата „Маршал Тито" во Куманово, се обидел да му го одземе мобилниот телефон на И.И.(55) од Куманово. Н.А. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (13.12.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 264 возачи. Од нив, седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 163 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 101 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (13.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 251 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 130 санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, седум мерки за користење на мобилен телефон, шест санкции за управување под дејство на алкохол...

На 13.12.2023 во 18.45 часот во СВР Куманово било пријавено дека на регионалниот пат Свети Николе - Куманово, товарно возило „ивеко" со српски национални ознаки, управувано од М.М.(75) од Република Србија, удрило во пешакот С.М.(47) од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Општа болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Куманово.

На 13.12.2023 во 16.00 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„52" во Стопански двор, Г.П.(79) од Скопје, кој претходно управувал велосипед, паднал на коловозот, при што се здобил со тешки телесни повреди во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (14.12.2023) во 01.00 часот во СВР Тетово било пријавено дека во с.Челопек, тетовско, патничко возило „фолксваген лупо" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(25) од с.Челопек, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничка болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Тетово.

На 13.12.2023 во 21.50 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат Јажинце–Тетово, во с.Доброште, патничко возило „ауди" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Г.Б.(60) од с.Стримница, тетовско, удрило во С.Р.(42) од с.Доброште, тетовско. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Тетово.

На 13.12.2023 во 16.40 часот во Полициската станица Центар, З.П.(60) од Скопје пријавил дека на ул.„Мајаковски" бил каснат од куче скитник.

На 13.12.2023 во 11.30 часот во Полициската станица Аеродром, Д.П.(57) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 13.12.2023 во 20.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Х.А.(29) од Скопје пријавил дека на ул.„Архимедова" бил каснат од куче скитник.

На 13.12.2023 во 13.45 часот во струшкото село Лабуништа, полициски службеници од ОВР Струга го лишиле од слобода Н.Ш.(26) од с. Лабуништа. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.12.2023 во 15.30 часот на улица „11 Септември" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода Б.М.(54) од Кичево. При преглед во неговото возило „форд" со кичевски регистарски ознаки, полициските службеници пронашле и одзеле 3.058 парчиња пиротехнички средства, кои нелегално ги набавил. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.12.2023, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Чаир при СВР Скопје лишија од слобода двајца малолетници, поставувајќи по претходна пријава дека околу 13.35 часот во населбата Шуто Оризари во Скопје да страна на две малолетни лица со остар предмет му биле нанесени повреди на 14-годишник. Повреденот малолетник е пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (13.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола санкционирани се 69 возачи, меѓу кои 32 мерки за возење повеќе од дозволената брзина, 15 мерки за возење без возачка дозвола...

На 13.12.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 19 прекршоци, од кои 8 надвор од населено место и 11 во населено место. Санкционирани биле и 22 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 2 за нерегистрирано возило, 2 за возач почетник, 1 за недавање правенство на пешаци, 2 за некористење сигурносен појас и 7 за непрописно паркирање.

Во рамките на континуираните активности за поголем ред и безбедност на патиштата во Полошкиот регион, денеска (14.12.2023) од 06.00 до 10.00 часот на тетовското подрачје спроведена е акциска контрола на автобуси и други возила кои вршат јавен превоз на патници и посебно на ученици. При контролата откриени и санкционирани се 4 прекршоци. Едно возило (автобус) имало неисправни сопирачки, едно возило го управувало лице со важечка забрана за управување... На сите прекршители изготвени им се предвидените поднесоци и тие ќе се соочат со парични глоби кои, зависно од видот и карактерот на констатираниот прекршок, се движат од 45 до 500 евра во денарска противвредност, а ќе следат и глоби за правните лица и нивните одговорните лица. На гостиварското подрачје, пак, не биле откриени технички и други недостатоци, додека две од контролираните возила не поседуваат зимска опрема.

На 14.12.2023 во 01.30 часот во СВР Куманово, Л.С.(23) од Куманово пријавил дека на 13.12.2023 околу 19.00 часот на улица „Пионерска" во Куманово бил физички нападнат од неколку лица, кои употребиле тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2023 во 10.20 часот во СВР Битола, С.К.(63) од с.Горно Оризари, битолско, пријавил дека на ул.„Стара Чешма" бил каснат од куче скитник.

На 13.12.2023 во 19.30 часот во СВР Битола, Б.Б.(88) од Битола пријавил дека на ул. „Дебарска" бил каснат од куче скитник.

На 13.12.2023 во 21.25 часот во СВР Куманово, од Итна медицинска помош Липково било пријавено дека во с.Матејче била констатирана смрт кај Н.М.(83) од с.Липково, како последица од пожар. Според пријавеното, пожарот настанал во собата во која што била Н.М., кој потоа бил изгаснат од членови на семејството. Лекар од Итната помош констатирал смрт без траги на насилство, а увид извршила екипа на СВР Куманово. По наредба на јавен обвинител, телото на починатата било предадено на семејството.

На 13.12.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Центар, А.З.(27) од Тетово, со привремен престој во Скопје, пријавила дека на 12.12.2023 околу 23.00 часот на подрачјето на Центар едно лице ѝ одзело мобилен телефон и пари, а ѝ се заканило со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2023 во 13.00 часот во СВР Скопје, С.Г.(80) од Скопје пријавил дека на 08.12.2023 околу 18.00 часот на подрачјето на Центар едно лице со употреба на сила му ја одзел чантата и го турнал. Според пријавеното, три лица, кои биле на местото, тргнале по лицето, по што тоа ја фрлило чантата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против К.Т.(29) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 24.10.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 13.12.2023 во СВР Скопје, воспитувач во Јавна установа за згрижување деца пријавил дека околу 18.30 часот во установата на подрачје на Карпош бил нападнат од еден малолетен штитеник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.12.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Центар, К.К.(23) од Скопје пријавил дека на ул.„Загребска" бил каснат од куче скитник.

На 13.12.2023 во 11.50 часот во Полициската станица Аеродром. Л.С.(44) од с.Трубарево, скопско, пријавила дека на ул.„68" била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против С.Н.(68) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 08.06.2023 во село Ташмаруништа, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле муниција и пневматска пушка.

На 13.12.2023 во 12.00 часот во Полициската станица Карпош, од Јавната установа за згрижување на деца било пријавено дека од установата се одделечил нивниот штитеник М.А.(16) од Струмица, кој и претходно се одделечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против С.Ц.(28) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Пријавениот пронашол платежна картичка на лице од Дебар и во три наврати ја искористил за наплата на услуги на бензинска пумпа и други услуги.

На 13.12.2023 во 12.50 часот во Полициската станица Чаир, П.В.(75) од Скопје пријавил дека на ул.„Радишанска" бил каснат од куче скитник.